Република Северна Македонија

**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08- 737/4
Датум: 13-12-2023

Постапувајќи по претставката бр. 08 – 737/1 од 13.10.2023 година, поднесена од адвокат [redacted] во име на [redacted] за заштита од дискриминација врз основа на пол, раса, род, личен и општествен статус, етничка припадност и социјално потекло, во областа на правосудство и управа и пристап до добра и услуги против Полициската станица од општа надлежност „Центар" (ПС БЕКО) – Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 27.11.2023 година, го донесе следното

## М И С Л Е Њ Е

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** во областа на правосудство и управа и пристап до добра и услуги врз основа на пол, раса, род, личен и општествен статус, етничка припадност и социјално потекло од страна на Полициската станица од општа надлежност „Центар" (ПС БЕКО) – Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија кон [redacted]

## О б р а з л о ж е н и е

На 13.10.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка со архивски број 08 – 737/1, од страна на адвокат [redacted] во име на [redacted] за сторена дискриминација од страна на Полициската станица од општа надлежност „Центар" (ПС БЕКО) – Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, во областа на правосудство и управа и пристапот до добра и услуги, врз основа на пол, раса, род, личен и општествен статус, етничка припадност и социјално потекло.

Во претставката подносителот раскажува настан во кој биле инволвирани лицата во чие име е поднесена претставката. Се работи за настан кој се случил на 31.05.2023 година во гаражниот простор на трговскиот центар [redacted] во Скопје. По завршување на работното време, вработените во фирмата [redacted] ДООЕЛ Скопје - [redacted] кон локацијата, каде што им било паркирано возилото. Лицето [redacted], кој како што се наведува во претставката е сопственик на фирма која врши иста дејност како и фирмата во која се вработени [redacted], се упатил кон лицата и почнал да ги навредува и да ги брка од гаражниот простор. Лицето [redacted] го отворило возилото во кое се наоѓале лицата и насилно го извлекол [redacted] (со ромска етничка припадност), и влечејќи го

за маицата му се обратил *„Да ти ебам мајката циганска“*, по што му нанел телесни повреди. Потоа му се обратил *„Да ве нема од тука за 5 минути“*, гестикулирајќи дека ќе му ја пресече главата. Лицето продолжило да ја турка [redacted] (со турска етничка припадност), при што ѝ се обратил *„Курво ќе те убијам, ќе видите што ќе ви направам, марш од тука, за пет минути надвор“*. Со истиот тон продолжил да му се обраќа и на [redacted], кој како што се наведува во претставка претходно бил вработен во неговата фирма, и рекол *„Марш од тука! Ќе ве затворам, ќе ме запамтите кој сум јас“*. По овој настан била повикана полиција, која излегла на лице место и земала изјави од нападнатите лица.

Подносителот наведува дека и покрај фактот што конкретниот настан се случил на 31.05.2023 година, досега овие лица не можат да обезбедат записник од страна на Министерството за внатрешни работи. Во претставката се тврди дека лицата на 29.08.2023 година уредно го уплатиле надоместокот за записник во висина од 100,00 денари и во полициската станица БЕКО побарале да им издадат записници, како би можеле да поведат соодветна постапка. Од страна на вработените во полициската станица им било укажано дека не постојат записници, освен за лицето [redacted], иако сите дале изјава за настанот. Според подносителот на претставката таквите изјави треба да се впишани во книгата на дневни настани во ПС БЕКО – Министерство за внатрешни работи и на овие лица да им биде издаден соодветен документ. Врз таа основа подносителот тврди дека Министерството за внатрешни работи затскривајќи ги доказите, не постапило по барањето на лицата да им се обезбедат потврди/записници од пријавениот настан. Со тоа подносителот тврди дека Министерството за внатрешни работи ги дискриминирало овие лица, врз основа на нивното социјално потекло и општествен статус, од причина во досегашната пракса времето за обезбедување на вакви докази не може да биде подолго од неколку недели до еден месец, додека во конкретниот случај поминати се повеќе од четири месеци. Поради наведеното подносителот на претставката бара во конкретниот случај да се утврди дискриминација, со цел да се отстрани нееднаквиот пристап до институциите и услугите кон граѓаните.

На 17.10.2023 година Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 24, став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација достави известување со барање за произнесување по наводите од претставката до ПС БЕКО, Министерство за внатрешни работи. Со истиот допис беа побарани следниве информации:

- Дали во Министерството за внатрешни работи е регистриран настанот опишан во претставката?;
- Дали од страна на Министерството за внатешни работи на лицата [redacted] им е издаден записник од настанот? и
- Доколку на овие лица не им е издаден записник од настанот, зошто?

На 27.11.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставен поднесок со произнесување по наводите од претставката од Полициската станица од општа надлежност „Центар“ (ПС БЕКО), Единица за внатрешни работи „Центар – Бит Пазар“, Сектор за внатрешни работи Скопје, Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија. Во поднесокот од полициската станица информираат дека по увид во станичната евиденција утврдиле дека на 31.05.2023 година во 11:30 часот лицето [redacted] го пријавил настанот, односно пријавил дека бил физички нападнат од лицето [redacted] За настанот бил сочинет записник за примање на пријавата од лицето [redacted] под број 22.21.6.2 – 39/2733 од 31.05.2023 година, а за лицата [redacted] биле сочинети службени белешки за добиена информација број 88 – 6018/1 и 88 – 6018/2. Во однос на наводите од претставката дека на лицата не им бил издаден записник за примање пријава, во понесокот за произнесување се наведува дека согласно Законот за заштита на личи податоци се издава единствено на пријавителот. Поради тоа, како и фактот што лицата [redacted] не се евидентирани како оштетени, ниту пријавители на настан не им бил издаден документ. Во однос на лицето [redacted] појаснуваат дека во нивната евиденција не е евидентирано дека лицето поднело барање за издавање потврда ниту на конкретниот датум, ниту во следниот период, а дека доколку поднел такво барање истиот ќе добиел потврда.

Ценејќи ги наводите од претставката и поднесокот за произнесување по претставката утврди дека не е сторено веројатно тврдењето на подносителот за сторена дискриминација од Полициската станица од општа надлежност „Центар“ (ПС БЕКО) кон [redacted]. За да се стори веројатно тврдењето за извршена дискриминација, и за да премине товарот на докажување од подносителот на претставката на посочениот дискриминатор, во смисла на член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, тој мора да презентира факти со кои ќе направи веројатно дека дискриминацијата би можела да биде извршена, односно од кои јасно може да се претпостави за веројатно дека **токму дискриминаторската основа е таа околност што довела до понеповолно постапување или ефект од постапувањето, за разлика од другите.** Воедно, подносителот потребно е да го направи веројатно постоењето на каузална врска помеѓу понеповолно постапување или ефектот од постапувањето и настанатата повреда или штета, во конкретниот случај, според тврдењата на подносителот – нееднаков пристап до услугите од страна на полицијата. Во конкретниот случај се утврди дека подносителот воопшто не ги поткрепил тврдењата дека посочениот дискриминатор не издал записник кон лицата во чие име е поднесена претставката. Од друга страна, од наводите во поднесокот за произнесување произлегува дека во полициската станица не е евидентирано барање за доставување на записник од подносителот на кривичната пријава – [redacted]

**Согласно член 60 од Правилникот за начинот на вршење на полициските работи:**

*Полицискиот службеник кој ја примил пријавата ,* ***по поднесено писмено барање од страна на подносителот на пријавата*** *му дава примерок од изготвениот записник за примање на пријава.*

Оттука произлегува дека записник се издава единствено на пријавителот, и тоа по поднесено барање од негова страна. Следствено на тоа, како и фактот што подносителот не го потрепил тврдењето дека пријавителот – [redacted] поднел барање за достава на записникот упатува на заклучок дека во конкрениот случај не постои конкретна повреда на право врз заштитна карактеристика кон пријавителот на настанот – [redacted] Повреда на право врз заштитна карактеристика не постои ниту кон останататите лица – [redacted] бидејќи горенаведениот член јасно укажува дека таков записник може да добие единствено пријавителот на настанот. Одредбата од подзаконскиот акт важи за сите подеднакво, и недобивањето на примерок од записникот не е поврзано со заштитни карактеристики на лицата [redacted]. Поради наведеното не може да се заклучи дека лицата во чие име е поднесена претставката не добиле еднаков пристап до услугите на полицијата, конкретно од Полициската станица од општа надлежност „Центар“ (ПС БЕКО).

Следствено, во конкретниот случај не е исполнета законската дефиниција **од член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**, која пропишува дека:

*"Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите."*

Врз основа на наведеното Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова мислење и не утврди дискриминација во областа на правосудство и управа и пристапот до добра и услуги врз основа на пол, раса, род, личен и општествен статус, етничка припадност и социјално потекло од страна на Полициската станица од општа надлежност „Центар“ (ПС БЕКО) - Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија кон [redacted]

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател
Игор Јадровски


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Доставено до:

- [redacted]
- Полициската станица од општа надлежност „Центар" (ПС БЕКО) со седиште на ул. Даме Груев бр. 7, 1000 Скопје